17-1535/1
03.02.2023

# ЈАВЕН ОГЛАС
## за пријавување на кандидати за Обука за фетална медицина за 2023 година

Согласно Меморандумот за разбирање помеѓу Министерството за надворешни работи на Република Грција, Министерството за здравство на Република Северна Македонија и Фондацијата за фетална медицина, потпишан на 9.12.2022 година во Скопје, и обврската на Министерството за здравство за избор на кандидати за обука преку транспарентни критериуми и процедура, Министерството за здравство објавува јавен оглас за пријавување на кандидати за обука.

Во првата година ќе се обучат вкупно 30 кандидати и тоа:

- 20 кандидати од ЈЗУ Универзитетска Клиника за гинекологија и акушерство
- 5 кандидати од ЈЗУ Специјална болница по гинекологија и акушерство „Мајка Тереза"-Чаир и
- вкупно 5 кандидати од ЈЗУ Клиничка болница Битола, ЈЗУ Клиничка Болница Тетово, ЈЗУ Клиничка Болница Штип

Доколку нема доволен број кандидати од некоја од наведените ЈЗУ-а, можна е промена на бројот на кандидати од останатите ЈЗУ.

Заинтересираните кандидати, доктори по медицина со завршена специјализација или суп-специјализација по гинекологија и акушерство, потребно е да се помлади од 50 години и да ги исполнуваат следните општи и посебни услови:

<u>Општи услови:</u>
-да се државјани на Република Северна Македонија
-да се полнолетни
- да не им е изречена прекршочна санкција забрана за вршење професија, дејност или должност

<u>Посебни услови:</u>
-завршен Медицински факултет
-положен специјалистички испит
-поседување лиценца за работа како специјалист/суп-специјалист
-доказ од Медицински факултет за завршена специјализација или за завршена суп-специјализација по гинекологија и акушерство
-доказ за редовен работен однос во ЈЗУ Универзитетска клиника за гинекологија и акушерство, ЈЗУ Специјална боница за гинекологија и акушерство Мајка Тереза, ЈЗУ


Министерство за здравство на Република Северна Македонија
Ул. „50 Дивизија" бр. 14, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3112500
www.zdravstvo.gov.mk

Клиничка болница Битола, ЈЗУ Клиничка болница Тетово или ЈЗУ Клиничка болница Штип
-сертификати за посетувани обуки за ултразвук

Во прилог на пријавата, а како доказ за исполнување на условите, кандидатите треба да ги достават копија од следните документи:

- уверение за државјанство
- уверение со оценки за завршен Медицински факултет
- уверение за положен специјалистички/супспецијалистички испит по гинекологија и акушерство
- сертификат/и од обуки за ултразвук
- лиценца за работа како специјалист/суп-специјалист по гинекологија и акушерство
- фотокопија од лична карта
- потврда од надлежен орган ( Централен регистер на Република Северна Македонија) дека не им е изречена прекршочна санкција забрана за вршење професија, дејност или должност, издаден најмалку шест месеци пред објавување на огласот
- Образец М1/М2

За кандидатите кои завршиле високо образование во странство потребни се следните документи:
- нострифицирани диплома со соодветно образование
- документ за еквиваленција на оценките, издаден од Министерството за образование и наука
- решение за признавање на специјализација завршена во странство издадена од Министерство за здравство

Предност ќе имаат специјалисти по гинекологија и акушерство вработени на акушерските одделенија во ЈЗУ Универзитетска клиника за гинекологија и акушерство, ЈЗУ Специјална болница за гинекологија и акушерство Мајка Тереза, ЈЗУ Клиничка болница Битола, ЈЗУ Клиничка болница Тетово или ЈЗУ Клиничка болница Штип.

Обуката се состои од теоретски и практичен дел, ќе се изведува од експерти од Фондацијата за фетална медицина и ќе се одвива во текот на викендите во период од 10-12 месеци. Работен јазик е англискиот, поради што за учество на обуката неопходно е познавање на англиски јазик.


Министерство за здравство на
Република Северна Македонија
Ул. „50 Дивизија" бр. 14, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3112500
www.zdravstvo.gov.mk

Република Северна Македонија
**Министерство за здравство**

Republika e Maqedonisë së Veriut
**Ministria e Shëndetësisë**

Согласно одредбите од Меморандумот за разбирање, избраните кандидати имаат обврска да склучат Договор со здравствената установа во која се вработени и со Министерството за здравство со кој се обврзуваат по завршувањето на обуката да останат да работат во установата најмалку 5 години по завршувањето на обуката.

Во пријавата за огласот задолжително да се наведе име и презиме на кандидатот, телефонски број за контакт и е-маил адреса.
Пријавата, заедно со доказите за исполнување на условите, треба да се достави до архивата на Министерството за здравство, најдоцна до 15.02.2023 година, со назнака:

„Аплицирање за Обука за фетална медицина за 2023 година"

Пријавите добиени по 15.02.2023 година нема да бидат разгледувани.

**МИНИСТЕР**
**Dr. Bekim SALI**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗДРАВСТВО - MINISTRIA E SHËNDETËSISË
СКОПЈЕ - SHKUP